# Дневна хемеротека за *27.01.2016г.*

## Тера - *„За нас се работи“ со филм за загадувањето*

## „За нас се работи“ со филм за загадувањето

Вести Актуел Jan 26, 2016 0 147



– Здружението за развој и активно делување и поттикнување на граѓанскиот сектор “ЗА НАС СЕ РАБОТИ” има чест да ве покани на промоцијата на првиот документарен филм “ВТ – TOXIC ” во рамките на проектот “Граѓанска вклученост за решавање на проблемите во животната средина” подржан од УСАИД и ФООМ.

Во документарецот учество зедоа членови од здружението”За нас се работи”, медицински лица, стручни лица од РЕК – Битола, претставници од еколошки здруженија од Македонија, претставници од министерство за животна средина, членови од здружението “Битола на точак” и претставници од институтот за јавно здравје.Сценариото е на Пеце Талевски,режија : Елеонора Венинова а продуцент: Пеце Талевски. Фимот ќе се промовира утре 27 Јануари 2016 во ноќниот клуб  Позитив со почеток во 18 часот, изјави Иван Јерчиќ од Здржението „За нас се работи“.




**Пресекот на информации содржани во Дневната хемеротека се прави до 12 часот.*
*Информациите објавени во медиумите после тој термин ќе бидат содржани во наредната хемеротека.*

## Порта 3 - НАСА лансираше сателит за следење на климатските промени

ПОРТА3
ГРАДЕЖНИШТВО
АРХИТЕКТУРА
ЕКОЛОГИЈА

# НАСА лансираше сателит за следење на климатските промени



Американски и француски научници лансираа нов сателит кој може да го мери нивото на океаните, во рамките на мисијата вредна 180 милиони долари, која треба да обезбеди клучни податоци за климатските промени. „Над 90% од топлината што ја задржуваат стакленичките гасови придонесува за зголемување на температурата на океаните", вели Josh Wills, научник од НАСА кој учествува во оваа мисија.

Сателитот „Jason-3" е лансиран со помош на ракетата „Falcon 9" на компанијата „SpaceX", и ќе може прецизно да ја мапира и мери состојбата на океаните 1.300 километри над нивната површина.

Патувајќи со брзина од шест километри во секунда, сателитот ќе праќа податоци на Земјата на секои десет дена.